**20250691413**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 6 од Законот за правното наследство на Република Македонија на членството во Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународната финансиска корпорација, Меѓународното здружение за развој и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите и за ефектуирање на членството на Република Македонија во Европската банка за обнова и развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/93) и член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 март 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЗАМЕНИК ГУВЕРНЕР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ

1. За заменик гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој се именува Сузана Пенева, државен советник за прашања од меѓународните финансии и хармонизацијата со Европска Унија и децентрализираното/индиректно управување со фондовите на Европска Унија во Министерството за финансии.
2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за именување на заменик гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој, бр. 44-8019/1 од 3 септември 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/20).
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-2840/3
25 март 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.